РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-181/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1321/1 од 15.04.2025 година, оформен по доставена пријава против физичко лице, сопственик на кафе бар -------- -------- -------- --------- ----------, со наводи за сомневање за незаконско работење поради нарушување на јавниот ред и мир и узурпација на земјиште на кое се наоѓал правниот субјект, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган, Министерство за внатрешни работи на РСМ кој преземал мерки во своја надлежност.

Предметот со број 12-1321/1 од 15.004.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.04.2025 година, доставена е пријава против физичко лице, сопственик на кафе бар -------- -------- -------- --------- ----------, со наводи за сомневање за незаконско работење поради нарушување на јавниот ред и мир како и узурпација на земјиште од страна на сопственикот на правното лице, и оформен е предмет број 12-1321/1 од 15.04.2025 година. Во конкретниот случај станува збор за проблеми кои ги имале станарите на станбената зграда на ул.„------------- --------------- -- ----"бр.---, Општина ----------, во која се наоѓал горенаведениот правен субјект, за кој се сомневаат дека со своето работење, пуштање гласна музика и бучно раскревање на масите, ги прекршува одредбите од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир и Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава, а во која е наведено дека „Мирот на граѓаните се нарушува со користење на механички извори на бучава (машини, мотори, циркулари, бор-машини,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

компресори, метални преси, ткајачки машини и сл.) во времето од 23,00 до 06,00 часот на јавно место, односно на место каде постои можност да се вознемируваат граѓаните:"
За предметниот случај во неколку наврати биле известени надлежни органи, а предметната пријава е доставена на надлежно постапување до други институции меѓу кои и до Министерството за --------- ---------- на РСМ.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Министерството за внатрешни работи да достави информација за тоа дали и како е постапено по однос на наводите во предметната пријава. Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:
Во Министерството за --------- ---------- - ---- Скопје, Единица за ------------ --- ------------------ ----------------, до моментот на доставување на одговорот до ДКСК, немало евидентирано податоци за пријавен настан/пријава против сопственикот на -------- -------- -------- --------- ---------- ниту пак за правното лице.
Министерството, известува дека во врска со предметниот случај, има постапено во период од 2021 година до 2023 година, по пријавен настан/пријава на подрачјето со локација на правниот субјект односно, на подрачјето на ---------- Скопје, ------- -------- ----------, каде биле евидентирани неколку настани кои се однесувале на нарушување на јавниот ред и мир, како и узурпација на земјиште од страна на лицето ------------ --------------, сопственик на правното -------- -------- -------- --------- ----------. При надлежното постапување за случајот, од страна на овластени полициски службеници биле преземени конкретни мерки, сочинети биле записници за примање пријава, запизници за извршено испитување на јачина на бучава, биле пвикани лица информативен разговор за што била составена службена белешка, а за утврдените неправилности и прекршувања на закон бил изготвен Записник за констатиран прекршок по член 8 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган, Министерството за ------------------ на РСМ- Сектор за -------- --------, ------------- --- ------------------- ---------------------, кој преземал мерки во своја надлежност, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на Сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk